## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите |
| Одговорно лице и контакт информации: | Лидија Гаврилоска |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Декември 2014 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Декември 2014 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | Декември 2014 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2014 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Работите во обезбедувањето во казнено-поправните и воспитно-поправните установи ги врши затворска полиција која е организирана како посебна организациона единица. Затворската полиција врши обезбедување на осудените и притворените лица, надворешното и внатрешно обезбедување на установата и нејзините објекти потребни за одржување на безбедноста.

Со оглед, на тоа што затворската полиција е единствено униформирана, вооружена и опремена одредбите кои се предлагаат со овој закон во делот на зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје, се однесуваат на припадниците на затворската полиција во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно кога постојат околности дека припадникот на затворската полиција службеното оружје може да го злоупотреби.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Како резултат на несакани дејствија од злоупотреба и несовесно користење на службеното оружје настануваат последици по животот на луѓето. За надминување на овие проблеми кои можат да се јават од злоупотреба и несовесна употреба на службеното оружје се воведуваат законски одредби кои се однесуваат пред се на заврстување на системот на контрола при употреба на службеното оружје.

Причините за донесување на овој Предлог-закон произлегуваат од заклучоците на Владата на Република Македонија, донесени на Триесет и осмата седница одржана на 2.12.2014 година, при разгледувањето на точката 129 од Дневниот ред: Информација со соодветни насоки за законски измени со цел регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службеното оружје кое го должат службените лица, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно постојат околности дека службеното лице истото тоа оружје може да го злоупотреби.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на овој Предлог-закон е да се регулира односно зацврсти системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат припадниците на затворската полиција, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно кога постојат околности дека припадникот на затворската полиција службеното оружје може да го злоупотреби.

Со донесување на овој закон се очекува да се унапреди системот за превенција од насилство, во делот на постапување со службеното оружје од страна на припадниците на затворската полиција.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе предложениот закон постои можност да останат несанкционирани одредени поведенија кои имаат штетни последици во општеството.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Како можни опции за решавање на проблемот од злоупотреба и несовесно користење на службеното оружје се предвидуваат регулаторни и нерегулаторни решенија.

Како регулаторна мерка се предвидува донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите во кој ќе бидат вградени одредбите за регулирање односно зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат припадниците на затворската полиција, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно кога постојат околности дека припадникот на затворската полиција службеното оружје може да го злоупотреби.

Како нерегулаторна мерка која може да се преземе со цел надминување на овој проблем е организирање на кампањи, јавни дебати, семинари, зачестени психијатриски и психолошки прегледи и советувања и сл.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### *4.1 Економски влијанија*

### *4.2 Фискални влијанија*

### *4.3 Социјални влијанија*

Позитивни социјални влијанија - намалување на насилството.
Негативни социјални влијанија-нема.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Како трошоци за спроведување на регулативата се предвидуваат трошоците за обука на припадниците на затворската полиција, семинари и сл.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Трошоци за психијатриски и психолошки прегледи како и трошоците за советување на припадникот на затворската полиција со психолог, во случај кога е добиено известување дека истиот извршил кривично дело или прекршок со елеметни на насилство.

## 5. Консултации

### *5.1* Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнати страни: Министерство за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство и животна средина, Царинска управа на РМ и др.

Одржан состанок помеѓу претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за земјоделство и животна средина, Царинска управа на РМ и др.

### *5.2* ***Преглед на добиените и вградените мислења***

Нема добиени мислења од надлежнитите (засегнати ) институции.

### 5.3 ***Мислењата кои не биле земени предвид и зошто***

Нема добиени мислења од надлежнитите (засегнати ) институции.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

При изготвување на Предлог-законот беа замени во предвид дополнителните превентивни активности кои треба да се преземат и заложбите за соодветно регулирање, односно зацврстување на системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат припадниците на затворската полиција, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно кога постојат околности дека припадникот на затворската полиција службеното оружје може да го злоупотреби.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Покрај, спроведувањето на одредени регулаторни и нерегулаторни мерки со цел преземање на дополнителни превентивни активности во делот на контрола на ракување и поседување на службеното оружје, како можен ризик постои сите овие мерки да не бидат доволни и да не го дадат целокупниот резултат ако целото општество не се вклучи во една поширока општествена кампања за нетолеранција на насислтво од каков било вид.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Донесувањето Предлог-законот се наметна како нужно и неоходно и како израз на потребата законот да се конципира и во неговата содржина да се вградат одредби со цел надминување на несаканите дејствија од злоупотреба и несовесно користење на службеното оружје. Со овие одредби се регулира односно зацврстува системот на контрола и времено или трајно одземање на службено оружје кое го должат припадниците на затворската полиција, во случај кога против истите се води постапка за било каков вид на насилство, односно кога постојат околности дека припадникот на затворската полиција службеното оружје може да го злоупотреби.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Донесување на подзаконски акт од областа на извршувањето на санкциите.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Потреба од донесување на подзаконски акт со кој ќе се регулира начинот и постапката на спроведување на психијатриски и психолошки прегледи и советувања на припадниците на затворската полиција во случај на констатирано (евидентирано) кривично дело или прекршок со елементи за насилство.

Предвидено е овој подзаконски акт да се донесе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надлежни органи за спроведување на ова законско решение ќе бидат Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на РМ, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните и воспитно-поправните установи и др.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Одржување на саминари и обуки.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Согласно методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата ќе се изготви извештај.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Во рок од 10 години согласно избраниот метод.

| Изјава од државниот секретар |
| --- |
| Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот. |

Датум:
...........................24. 12. 2014........

потпис на државен секретар